**20091312566**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 9 став 1-б точка 3, член 33 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009 и 67/2009), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата одржана на 23.09.2009 година, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИНДИКАЦИИТЕ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ПРАВО НА ОРТОПЕДСКИ И ДРУГИ ПОМАГАЛА

Член 1

Во Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија“ број 111/2000, 4/2001, 56/2001, 71/2001, 47/2003, 73/2005, 3/2006, 137/2006, 62/2007, 86/2007, 56/2008, 132/2008 и 88/2009), во членот 27 ставот 3 се менува и гласи:

„Осигуреното лице со инконтенција на урина која не може хируршки да се реши, а е неподвижно, но може да седи и да се движи со инвалидска количка, има право на:

- постојан катетар (4 парчиња годишно), согласно член 27 став 1 точка 4 од овој правилник,
- 10 урин ќеси со испуст од 2 литри и 30 уринарни кондоми месечно за лица од машки пол над 14 годишна возраст.

Член 2

Во списокот на ортопедски и други помагала кој е составен дел на овој правилник во табелата по колоната „170 Ѓ“ се додава нова колона „170 Е“, која гласи:

| Ред. број | Назив на помагалото, матријалот, резервни делови потрошен материјал | Инадикации по правилник | Помагалото го препишува | Рок на употреба во месеци според возраста | | | | парти ципац ија | количина месечно | Единечна цена со сите давачки Референтн и цени |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | До 7 год | Над 7 до 18 год | Над 18 до 65 год | Над 65 год | | | |
| 170 Е | Уринарен кондом | Член 27 | избран лекар по предлог на уролог/невролог/физијатар | | | | | 10% | 30 парчиња месечно | 75 |

Член 3

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивање на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-18701/6
23 септември 2009 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Беким Сали**, с.р.